РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-79551
12.10 2021 год.
ВЕЛЕС

# Покренување иницијатива за прибирање предлози за доделување награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ за 2021 година

Врз основа на член 127 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/07), Одлуката за востановување награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.17/07), Комисијата за општествени дејности покренува иницијатива за прибирање предлози за доделување награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ за 2021 година.

1. Награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ се доделува на студент од Општина Велес со завршена најмалку втора година од студиите на некој од универзитетите во Република Северна Македонија и акредитираните универзитети во земјата и странство.

2. Наградата не е делива.

3. Предлози за доделување на награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ може да поднесе секој жител на Општина Велес и самиот студент.

Предлозите мора да бидат образложени.

4. Кандидатот за награда на Општина Велес за најстудент „Проф. д-р Ѓорги Шоптрајанов“ треба да ги исполнува следните услови:

- да е жител на Општина Велес;
- да има просечен успех во текот на целото студирање од најмалку 9,50.

Кон предлогот се доставува:

- уверение за предвидени и положени испити издадено од факултетот;
- копија од лична карта и индекс;
- копии од дипломи, награди, сертификати, објавени трудови.

5. При одлучувањето Комисијата за општествени дејности ќе се раководи од следните критериуми:

- Редовно континуирано студирање;
- Просекот во редовното студирање да е над 9.50;
- Учество или освоени награди на државни и меѓународни натпревари;
- Објавени стручни трудови од областа за која се оспособува;
- Учество на државни конгреси или проекти;
- Учество на меѓународни конгреси или проекти.

Предлозите се доставуваат до Совет на Општина Велес, со назнака за Комисија за општествени дејности на ул.„Панко Брашнар“ бр.1, 1400 Велес или лично, најдоцна до 29.октомври 2021 година.

Претседател
на Комисијата за општествени дејности,
Максут Бакиовски с.р.